Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за транспорт и врски-Ministria e Transportit dhe Lidhjeve
Државен комунален инспекторат-Inspektorati Shtetëror Komunal
Бр.-Nr. 04-362/10
11. 11. 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација на органите на државната управа (Службен весник на Република Македонија бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на Република Македонија бр.54/13, 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 33/15, 27/16, 120/18), а во врска со глава III од Правилникот за систематизација на работни места на Државниот комунален инспекторат-Скопје бр. 01-63/1 од 19.02.2016 год., бр. 04-331/4 од 10.03.2016, бр. 04-105/2 од 21.02.2018 год и бр.04-159/2 од 20.05.2019 година, ја носам следната :

# ОДЛУКА
**За вршење избор на кандидати по оглас бр. 02/2019**
**на определено време**

1. За вработување на (1) извршител за период до 31.12.2019 година за работно место:

- **Соработник -Соработник во Одделение за човечки ресурси, се избира Орхан Ибраими.**

2. Изборот е извршен врз основа на записник од финална ранг листа од работата на Комисијата бр. 04- 362/9 од 11.11.2019 година како и записник од одржано интервју бр. 04-362/8 од 11.11.2019 година.

3. Со кандидатот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде склучен договор за определено време по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски бр. 18-8136/2, Наш бр. 04-319/1 од 24.09.2019 година, Државниот комунален инспекторат -Скопје објави Оглас под бр.

02/2019 на 01.11.2019 година објавен во дневните весници Нова Македонија и Лајме за вработување 1 (еден) извршител и тоа:

- **Соработник -Соработник во Одделение за човечки ресурси** -1 извршител;
- За таа цел Комисијата, формирана од в.д.Директорот на Државен комунален инспекторат - Скопје, со Решение бр. 04-362/1 од 31.10.2019 година при разгледување на доставената документација константира дека за работното место **Соработник - Соработник во Одделение за човечки ресурси**, има само еден пријавен кандидат кои ги задоволува условите предвидени во огласот бр. 02/2019.

Комисијата го покани уредно пријавениот кандидат на интервју за што подготви Извештај од спроведено интервју бр. 04-362/8 од 11.11.2019 година. По завршувањето на интервјуто Комисијата подготви Финална ранг листа од изборот бр.04-362/9 од 11.11.2019 година. Согласно утврдената фактичка состојба, се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да се изјави жалба преку Државниот комунален инспекторат-Скопје до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена по објавувањето на одлуката на веб страната на ДКИ.

**в.д.Директор**

**m-r Sali Ajdini**

Доставено до:

-Именованиот
-Архива
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Одделение за финансиско работење